Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 07.10.2020

На 06.10.2020 во 20.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Кисела Вода го лишиле од слобода Ф.Л.(21) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.10.2020 во 22.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Карпош го лишиле од слобода А.Т.(18) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.10.2020 во 11.15 часот на Граничен премин „Деве Баир", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа-зелена карта", од слобода бил лишен А.Ф.(34) од Р.Турција. На граничниот премин тој пристигнал со товарно возило и на увид приложил фалсификувана зелена карта. Лицето било предадено на полициски службеници од ОВР Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 06.10.2020 во 12.35 часот било пријавено дека на ул.„11 Октомври" во Ресен патничко возило „даеву ланос", со ресенски регистарски ознаки, управувано од Е.Р.(29), удрило во велосипед, управуван од Е.И.(64), двајцата од Ресен. Во незгодата, велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од ОВР Ресен.

На 06.10.2020 во 20.50 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, при вршење служба од полициски службеници од СВР Тетово, биле затекнати Е.Л.(27), Е.Р.(21) и Ф.Ш.(45), сите од Р.Албанија. Поради непријавен престој тие биле приведени и задржани во полициска станица за понатамошна постапка.

На 06.10.2020 во 00.15 часот во Полициската станица Бит Пазар Б.К.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Самоилова" бил каснат од куче скитник.

На 06.10.2020 во 19.15 часот било пријавено дека на ул.„Ѓорче Петров" во Скопје, непознато возило удрило во пешакот Н.Т.(80) од Скопје, по што го напуштило местото на незгодата. Во незгодата, Н.Т. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 06.10.2020 во 18.15 часот во Полициската станица Гази Баба, П.С.(49) од Скопје пријавил дека на ул.„Јани Лукровски" бил каснат од куче скитник.
На 06.10.2020 околу 23.00 часот на улица „Јово Стефаноски Риле" во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга, врз основа на судска наредба, го лишиле од слобода Р.М.(41) од Струга, за издржување казна затвор од девет месеци. Тој бил приведен и спроведен во Казнено поправната установа во Струга.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Д.(45) од Кочани и правно лице од Зрновци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, на катарстарска парцела во охридското село Косел, како сопственик-управител на правното лице и инвеститор на градбата, без одобрение за градба издадено од надлежен орган, изградил бетонски објект со темели, столбови и плоча. По извршен инспекциски надзор од страна на Градежна инспекција при Општина Охрид, донесено е Решение за отстранување на градбата.

На 06.10.2020 полициски службеници од СВР го лишиле од слобода Ц.К.(21) од Р.Турција, со привремен престој во Штип, затоа што околу 15.00 часот физички го нападнал А.П.(45) во неговиот дом во Штип, нанесувајќи му тешки телесни повреди. За настанот бил известен Јавен обвинител, а Ц.К. бил приведен и задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.10.2020 во 16.45 часот во Пробиштип, полициски службеници од Полициска станица Пробиштип го лишиле од слобода М.Н.(45) од Пробиштип, затоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Тој бил приведен, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.10.2020 околу 13.15 часот во Полициската станица Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода И.И.(62) од Скопје, кој при влез во станицата физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија, бидејќи не му било дозволено да влезе без заштитна маска на лицето. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.10.2020 во 16.50 часот во СВР Скопје, Е.Ј.(49) од Скопје пријавила дека околу 13.30 часот, пред угостителски објект на подрачјето на Центар, нејзината 17 - годишна ќерка била физички нападната од С.З.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2020 во 21.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, М.Ф.(40) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот на ул.„Кемал Сејфула" бил физички нападнат од М.Е. и Р. Е., при што Р.Е. извадил пиштол, но не го вперил во него. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 06.10.2020 во 21.30 часот во СВР Скопје од ГОБ „8 Септември" било пријавено дека од Ковид центарот се оддалечил пациент Б.И. од Куманово. По преземени мерки и активности од страна на полициските службеници Б.И. околу 02.00 часот бил пронајден и вратен во болницата.

СВР Струмица поднесе четири кривични пријави против приватна фирма од Струмица и З.Х.(36) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 22.08, 29.08., 06.09. и 12.09.2020 пријавените постапиле спротивно на протоколот за отворање и работа на кафетерии и угостителски објекти за исхрана, односно на повеќе стоечки маси немало средства за дезинфекција, а околу масите биле присутни повеќе лица од дозволеното. Исто така, во објектот имало организирано и музички настани без да биде обезбедно потребното растојание помеѓу гостите и естрадните уметници.

На 06.10.2020 околу 12.00 часот во СВР Скопје, Ш.М.(52) пријавил дека од дома се оддалечил неговиот син Р.Ф.(19). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.
СВР Струмица поднесе две кривични пријави против две правни лица од Струмица, против А.Р.(25) од Струмица и Н.М.(30) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 22.08. и 29.08.2020, пријавените постапиле спротивно на протоколот за отворање и работа на кафетерии и угостителски објекти за исхрана, односно на повеќе стоечки маси немало средства за дезинфекција и околу нив биле присутни повеќе лица од дозволеното. Исто така, во објектот имало организирано и музички настапи без да биде обезбедно потребното растојание помеѓу гостите и естрадните уметници.

На 06.10.2020 во 18.45 часот во СВР Скопје, Н.А.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„23 Октомври" бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2020 во 00.47 часот во СВР Скопје, од Итна медицинска помош било пријавено дека на 06.10.2020 околу 22.00 часот, на Н.Ш.(48) од Струга, додека бил со познаник во стан на подрачјето на Центар, му се слошило и починал. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а увид извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

На 06.10.2020 во 17.00 часот во СВР Скопје, Е.Д.(58) од Скопје пријавила дека на ул.„Боривое Милошевски" била касната од куче скитник.

На 06.10.2020 во 12.00 часот во СВР Скопје, Ф.М.(69) пријавил дека од дома се оддалечила неговата внука В.М.(16). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет